Неговото име станало легенда, вткајувајќи се во свеста на македонските народни маси.“ (48)

Во последното, седмо поглавје, авторот, правејќи рекапитулација на презентираната Делчева животна сторија, меѓу другото, констатира:

„Гоце Делчев живееше само 31 година, а активно дејствуваше на македонското революционерно поприште сè на сè околу една деценија. Иако толку кратко, тој претставува еманација на стремежите на македонскиот народ за национално ослободување. Тој создаде еден народен организам во лицето на Внатрешната организација, му ја откри на македонскиот народ идејата за слобода, на работните маси на Македонија им го трасира патот за национално и социјално ослободување... Тој со својата неуморна дејност го жртвува сето свое битие за слободата на македонскиот народ, му ја покажа вербата во неговите сопствени сили. Гоце стоеше на чело на големата борба против посегањата однадвор, особено против врховизмот, и работеше за зачувување на самостојноста и самобитноста на македонското ослободително тело. Тој го обедини македонскиот народ, како и другите народности во Македонија, за борба против турската тиранија и против другите завојувања.“ (49—50)

Не залудо советскиот историчар Зуев истакнал: „Делчев се бореше за национална независност и слобода на македонскиот народ“. (49)

И затоа „Гоцевите идеолошки погледи и неговата организациона дејност служеа како патоказ во натамошната борба на македонскиот народ. Тоа особено најде израз за време на илинденските и поилинденските борби, во тенденцијата на прогресивните македонски генерации за реализирање на Гоцевите идеи. Особено Гоцевите идеи добија вистински можности и перспективи да бидат доследно остварени, спроведени и надминати во една друга историска опстановка, што настана со НОБ и Народната револуција на македонскиот народ, која ја водеше во здружена борба со другите југословенски народи ... Во новосоздадената држава, во Народна Република Македонија — составен дел на југословенската социјалистичка заедница, најеклатантно дојдоа до израз, се оствариja, се потврдија и квалитетно се надминаа идеалите на Гоце „Октомврискoто првенче“, како што вели поетот, стана најубав монумент на неговото грандиозно дело ... Гоцевото име, неговото големо дело е вградено во цврстите гранитни столбови на македонската слобода.“ (51, 53)

На крајот ќе потцртаме дека авторот, со себе својствена акрибија, — презентирал дело со трајни вредности.

Од тој аспект оваа студија за големиот македонски апологет претставува драгоцен придонес за македонската историографија.

*Д. Д.*

## Наум Пејов — Македонците и граѓанската војна во Грција
Скопје, 1968, 208

Во издание на Институтот за национална историја, книгава пополни една празнина и задоволи едно големо интересирање за таа славна, но толку трагична борба, особено за македонскиот народ од Егејска Македонија, по која десетици илјади Македонци мораа да ги напуштат своите огништа и гробовите на своите дедовци и татковци.

Книгата, поделена на два дела со осум глави и со прилози на крајот, нема претензии, според изјавата на авторот, да даде целосна слика на Граѓанската војна во Грција и односот на Македонците кон неа.

Во предговорот академикот Михаило Апостолски, меѓу другото вели: „Сосем е разбирливо, со оглед на фактот дека се располага со ре-

лативно мала изворна документација, како и со релативно мал број мемоарски материјали, дека авторот не бил во состојба, ниту пак имал такви претензии, да даде полна обработка на целиот тек на Граѓанската војна во Грција и местото на македонскиот народ што го имал во неа. Ова е прв труд што ги третира настаните и проблемите и дава еден увид на Граѓанската војна во Грција."

Исто така, во предговорот самиот автор вели дека „Целите на овој труд беа и останаа:

а) Низ анализа на тогашната општествено-политичка и воено-политичка ситуација на Грција и на Балканот да се откријат причините за текот на настаните и исходот на Граѓанската војна, и

б) Да се изнесат положбата, улогата и придонесот на Македонците од Егејска Македонија во таа гигантска борба на прогресивните сили со силите на неофашизмот во Грција и империјалистичките интервенти."

Покрај тоа, трудот на Наум Пејов, како пионерска работа, добредојде и секако ќе поттикне еден дел историчари да се зафатат со целосното осветлување на настаните од оваа епопеја и еден дел живи учесници да си ги изнесат своите мислења и доживувања, со што ќе се ублажи недостигот од документација и мемоарски материјали.

Сегашнава политичка констелација на Балканот ѝ дава на книгата посебно значење, во смисла на отстапување од досегашната практика — премолчување на некои историски вистини, особено од поновото време, поврзани со Егејска Македонија.

Во првата глава се изнесува положбата на Грција по Договорот во Варкиза. Со цитати од разни грчки весници авторот го закрепува тврдењето дека постои еднострана граѓанска војна и го осудува колебливото движење на КПГ (Комунистичка партија на Грција) во врска со вооружената борба, со што им се даде можност на монархофашистите да се подготват за решавачката битка.

Втората глава ги содржи резултатите од фалсификуваните избори од 31. март 1946 година, од кои апстинираше левицата и илузиите на левицата дека по мирен, демократско-парламентарен пат ќе се средат хаотичните прилики во земјата.

Создавањето на Главниот штаб на ДАГ (Демократска армија на Грција) на 28 октомври 1946 година и спогодбата меѓу партизанските единици на грчката левица и НОФ (Народноослободителен фронт) на Егејска Македонија од септември 1946 година, според авторот, се повеќе изнудени акции од дадената положба и маневри за притисок врз атинскиот режим отколку сериозни подготовки за вооружена борба, како единствена алтернатива.

За теророт врз македонскиот народ, вршен од страна на колаборационистички елементи собрани околу атинскиот режим, авторот изнесува на 20 страни во петтата глава, потресни искажувања што ја илустрираат сета трагичност на нашиот човек. Еве го исказот на Георги Кехајов од село Баровици „... Летото 1946 година мојот братовчед Ѓорѓи Тантов, учесник во борбата против окупаторот, на пат за пазар во Ѓуменџе, го убија без никаква причина. Истиот ден убијците на братовчедот ми, владините чети, дојдоа во селото и, откако направија неколку зулуми, кренаа во планината да ги гонат партизаните. Бидејќи партизани не открија, тогаш недалеку од селото убија две мали деца што си ги пасеа свињите. Тоа беа Јован на 14 години и Пено Даутов на 20-годишна возраст. Им ги отсекоа главите и, кога се вратија во селото, ги носеа в раце. Ги свикаа селаните в црква и, со главите в раце, им се заканувaa: „Вака ќе ви ги отсечеме главите на сите!" И како дивјаци се нафрлија врз мирните селани да ги тепаат." (стр. 114)

Шестата и седмата глава содржат податоци за создавањето на НОФ; неговата активност во 1945—1946 година; Првиот и Вториот негов конгрес (јануари 1946 и март 1949 година) и влошувањето на односите со КПГ по Резолуцијата на Коминформот.

Осветлувањето на односите меѓу НОФ и КПГ е примарно за авторот и оние факти што ги изнесува се

доволни за неговото тврдење дека „Раководителите на КПГ од првиот момент и непосредно до повлекувањето на Демократската армија и крајот на вооружената борба во Грција, систематски работеа за подривање на организацијата на НОФ, за лишување од каква и да е независност... Македонските партизани во редовите на ДАГ беа обесправени и спрема нив се вршеше дискриминација. Специјално се омаловажуваа оние Македонци кои, како припадници на НОФ, кога тој дејствуваше во несогласност со КПГ, се истакнаа со својата дејност за развој на организацијата и мобилизација на македонскиот народ во борбата против своите непријатели. Но, и покрај тие сериозни недостатоци и слабости, по спогодбата и по решителниот курс за вооружена борба, имаше широк замав на востанието.“ (стр. 150)

Кус преглед на Граѓанската војна во Грција авторот ни дава во третата и четвртата глава, како и поважните причини за неуспехот. Тие општопризнати причини се: непризнавање на Привремената демократска влада (создадена на 23 декември 1947 година) од страна на други влади; слабите резултати од мобилизацијата; неуспевање да се создаде поголема слободна територија. Негативно влијаеше и Резолуцијата на Информбиро, а најмногу неповолниот однос на силите. „Спроти 1949 година, атинскиот режим располагаше со добро вооружена армија од 200 000 души, со фанатизирана жандармерија од 50 000 души и вооружени цивили од околу 50—60 000 души. Оваа армија располагаше со современо оружје... Демократската армија располагаше со околу 40 000 луѓе вооружени со доволно пешадиско наоружање (според информациите на ДАГ).“ (стр. 88—89)

И покрај делумните успеси на ДАГ во текот на 1949 година, како што се заземањето на градовите Његуш и Карпениси, во октомври истата година ДАГ се повлекува од Грција, ублажувајќи го поразот со соопштението на Главниот штаб и Привремената демократска влада дека тоа го прави за да тури крај на крвопролитието и да допринесе земјата да крене кон мирен развиток. (стр. 95)

Последната осма глава е посветена на придонесот на Македонците во Граѓанската војна, поткрепен со табеларни прегледи на жртвите во животи и материјали, како и признанијата од страна на Никос Захаријадис, генерален секретар на КПГ и Костас Караѓорѓи, генерал на ДАГ.

Како ПРИЛОЗИ се дадени: ПРОТОКОЛОТ НА ДОГОВОРОТ ОД СОВЕТУВАЊЕТО НА ПЛАКА од 29 февруари 1944 година; ЛИБАНСКИОТ ДОГОВОР од април 1944 година; ДОГОВОРОТ ВО КАЗЕРТА од 26 септември 1944 година и ДОГОВОРОТ во ВАРКИЗА од 12 февруари 1945 година.

Сите овие договори се дадени целосно и со нив се докажува дека КПГ направила низа непростливи грешки кон крајот на Народноослободителната борба, кои создале услови и причини за втората герила, Граѓанската војна во Грција.

Книгата завршува со забелешките и со користената литература.

*Х. М.*

## Илинденско-Преображенското въстание 1903—1968, София, 1968, 460

Во издание на Националниот совет на Отечествениот фронт, во Бугарија се појави доста обемен зборник од 460 страници под горниов наслов, без предговор или поговор, посветен на 65-годишнината на Илинденското и Преображенското востание. Редактори на зборникот се: Дино Ќосев и Ламби Данаилов.

Зборникот е поделен на три дела. Во првиот дел се даваат 7 статии, додека во двата други дела се дадени извадоци од спомените на учесници во Илинденското и Преображенското